**Акционерско друштво за организирана**
**исхрана,угостителство и туризам,**
**агенциско работење и трговија**
**УГОТУР АД Скопје**
**Бр.___** **ПРЕДЛОГ**
**30.05.2017**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 81 од Статутот на Уготур Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам,агенциско работење и трговија, а во согласност со член 417 став 3 и член 383 став 1 точка 1 од Законот за трговски друштва, Собранието на својата седница одржана на ден 30.05.2017 година усвои

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА УГОТУР АД Скопје

**(1) Се усвојува Одлуката за измена на Статутот на УГОТУР АД Скопје како што следува:**

### Член 1

По член 27 ставот 3 се менува и гласи:

Рокот кој што тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно на денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена на одржувањето на собранието.

### Член 2

Во член 39 во став 1 бројот 5 (пет) се заменува со број 4(четири).

### Член 3

Во член 39 став 2 бројот 3 (три) се заменува со бројот 2 (два).

**(2) Одлуката за измена на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на Друштвото.**

**(3) Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Собранието на Друштвото да подготви пречистен текст на Статутот на Друштвото.**

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со измените на Статутот, се опфатени задолжителните и другите значајни одредби од Законот за трговските друштва, онака како што се дадени со самиот Закон, но со нужно приспособување на истите, за да бидат јасни и разбирливи во нивната практична примена. Основната одредба при изготвувањето на измените на Статутот, беше тие да содржат децидни, кристално јасни, недвосмислени и разбирливи одредби за секого, со што се создава можност да не се користи

исклучиво Законот за трговските друштва за разјаснување на многуте прашања, во секојдневното работење, туку за тоа, онаму каде тоа законски не е исклучено, претежно да се користи Статутот на Друштвото. Со овие измени на Статутот, ваквата одредба и замисла во целост е постигната.

**Собрание на акционери,**
**Претседавач**